INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

# БИЛТЕН

*Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје*

*Број 60 / 2021*

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
ул. 20 октомври бр.8/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 (0)2 3113 059 ; е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

## СОДРЖИНА

- ЗАПИСНИК од шеесеттата седницата на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

- Извештај : Ана Марија Циглењак Симоновска

- Извештај: Билјана Танеска

- Извештај: Гала Насева

**ЗАПИСНИК**

**од шеесеттата седницата на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

На 26 ноември 2021 се одржа шеесеттата седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје во состав: проф. д-р Дона Колар Панова, проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Калина Лечевска, проф. д-р Викторија Боровска, проф. Д-р Бранимир Јовановиќ, доц. д-р Ана Блажева, доц.др. Искра Геразова Мујчин, доц. д-р Ристо Карајков, доц. д-р. Здравко Савески

ДНЕВЕН РЕД на шеесеттата седница на Научно-наставниот совет,

**НАУЧНО-НАСТАВЕН СОВЕТ**

**26 ноември, 2021**

Дневен ред на 60 седница на Советот:

**1. Усвојување на нацрт Записникот од 59-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје;**

**2. Одлука за закажување јавна одбрана на магистерскиот труд на тема: „Политичката култура во Македонија и нејзиното влијае врз стабилноста и демократијата“, на студентката Билјана Танеска;**

**3. Одлука за закажување јавна одбрана на магистерскиот труд на тема:: „Децентрализација на социјалните услуги: Симбиоза помеѓу владиниот и невладиниот сектор во служба на граѓаните“, на студентката Ана-Марија Цигленњак;**

**4. Одлука за закажување јавна одбрана на магистерскиот труд на тема:: “Gender segregation in performing arts: Artistic labour and gender identity“, на студентката Гала Насева;**

**5. Разно.**

Записник од 60-та седница на Советот:

1. Усвојување на нацрт Записникот од 59-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје; Советот едногласно со усвои нацрт Записникот од 59-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

2. Одлука за закажување јавна одбрана на магистерскиот труд на тема: „Политичката култура во Македонија и нејзиното влијае врз стабилноста и демократијата", на студентката Билјана Танеска, Советот донесе одлука за закажување јавна одбрана на магистерскиот труд на тема: „Политичката култура во Македонија и нејзиното влијае врз стабилноста и демократијата", на студентката Билјана Танеска на 24 декември 2021, во 12 часот, во просториите на Институтот за општествени и хуманистички науки Скопје;

3. Одлука за закажување јавна одбрана на магистерскиот труд на тема:: „Децентрализација на социјалните услуги: Симбиоза помеѓу владиниот и невладиниот сектор во служба на граѓаните", на студентката Ана-Марија Циглењак; Советот донесе одлука за закажување јавна одбрана на магистерскиот труд на тема: „Децентрализација на социјалните услуги: Симбиоза помеѓу владиниот и невладиниот сектор во служба на граѓаните", на студентката Ана-Марија Циглењак, на 10ти декември 2021, во 12 часот во просториите на Институтот за општествени и хуманистички науки Скопје;

4. Одлука за закажување јавна одбрана на магистерскиот труд на тема:: "Gender segregation in performing arts: Artistic labour and gender identity", на студентката Гала Насева; Советот донесе одлука за закажување јавна одбрана на магистерскиот труд на тема: "Gender segregation in performing arts: Artistic labour and gender identity", на студентката Гала Насева на 16ти декември 2021 во во 12 часот во просториите на Институтот за општествени и хуманистички науки Скопје;

5. Разно.
-За оваа точка немаше дискусија.

Записничар,
Д-р Викторија Боровска

26.11.2021, во Скопје

Институт за општествени и хуманистички науки • СКОПЈЕ

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 136/2021
17.11.2021 год.
СКОПЈЕ

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, на седницата, одржана на 03.11.2021 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд под наслов **Децентрализација на социјалните услуги: симбиоза помеѓу владиниот и невладиниот сектор во служба на граѓаните**, поднесена од кандидатката Ана Марија Циглењак, во состав: Проф. д-р Калина Лечевска, проф.д-р Викторија Боровска и проф.д-р Ана Блажева.

Комисијата се заблагодарува за укажаната доверба и откако го прегледа магистерскиот труд, на Научниот совет го поднесува следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Библиографска белешка за кандидатката

Ана-Марија Циглењак Симоновска е родена на 22.09.1983 година, во Скопје. Дипломирала на правниот факултет „Јустинијан први“ при УКИМ во 2009 година, отсек политички студии. Моментално е вработена во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје. Таа е активна и во невладиниот сектор, како претседателка на Здружението на граѓани за едукација, инклузија и ран третман на лица со посебни потреби, „Боиме сино“.

### 2. Кус опис на трудот

**2.1 Предмет** на трудот се можностите што ги нуди децентрализацијата на социјалната заштита во Северна Македонија.

**2.2 Целта** на трудот е да се понуди комплетна слика за тоа како функционира системот за социјална заштита во РСМ, да се даде целосна анализа на социјалните ризици, да се утврди начинот на кој што се одвива имплементацијата на процесот на децентрализација на социјалната заштита во РСМ и каква е фактичката состојба со пренесената социјална надлежност на локално ниво.

**2.3 Структура на трудот**

Магистерскиот труд на Ана Марија Циглењак Симоновска, **Децентрализација на социјалните услуги: симбиоза помеѓу владиниот и невладиниот сектор во служба на граѓаните** е напишан на 78 страници, од кои 73 се основен текст на тезата, а останатите се користена литература.

Магистерскиот труд е составен од следните поглавја:

- **Вовед**
- **Теоретски дел**

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

- **Социјална заштита и социјални услуги во Република Северна Македонија**
- **Социјално-заштитна дејност на локално ниво**
- **Методологија на истражувањето**
- **Заклучок**
- **Препораки**

Во **Воведот** кандидатката на кратко дава објаснување за децентрализацијата на социјалните услуги што се во активна фаза, како и домените на кои треба да се посвети сериозно внимание за да можат граѓаните да ја добијат соодветната социјална поддршка на локално ниво.

Првото поглавје е **Теоретскиот дел**, каде кандидатката прави теоретски осврт на клучните поими од магистерскиот труд. Истовремено, го анализира и системот на социјална заштита во државата, во сите три фази на развој, од нејзиното осамостојување па сè до денес.

Во поглавјето **Социјална заштита и социјални услуги во Република Северна Македонија,** Циглењак-Симоновска ја анализира законската и институционалната рамка на социјалната заштита. При тоа, таа прави анализа на социјалните ризици, како и класификација на социјалните услуги и права кои ги нуди системот на социјална заштита и поставеноста на социјалните институции во земјата. Кандидатката ги анализира и правата на парична помош од социјалната заштита, како и мрежата на институции од власта на социјалната заштита. Потоа, како актуелна тема ја анализира и вонинституционалната заштита како предмет на интерес на социјалните реформи. На крајот од поглавјето таа ги анализира правците на развој на социјалната платформа во државата, во согласност со насоките од Европската унија.

Во поглавјето **Социјално-заштитна дејност на локално ниво**, Циглењак-Симоновска, ја анализира децентрализацијата на социјалната заштита. При тоа, таа детално ги анализира капацитетите и предизвиците на локалната самоуправа како актер во социјалната заштита, прави анализа на локалните програми и акциските планови за социјална заштита, како и улогата на невладиниот сектор во креирањето на локалните политики. Интересно е што кандидатката направила анализа на 6 општини кои имаат успешна соработка со невладиниот сектор за подобрување на социјалните сервиси: Куманово, Липково, Битола, Струмица и Велес, додека како негативен пример ја издвојува општината Илинден.

Во поглавјето **Методологијата на истражувањето**, Циглењак-Симоновска ги презентира податоците од теренското истражување, што се состои од електронска анкета со 123 родители на деца со посебни потреби, интервјуа со 3 претставници на НВО, што се занимаваат со услуги за лица со посебни потреби, како и интервјуа со 2 најсериозни кандидати за градоначалник на општина Илинден (истражувањето е

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

направено пред локалните избори 2021). Податоците покажуваат дека потребна е поголема активност на општините за овозможување на вонинституционална заштита на локално ниво. Соработката на лицата во социјален ризик со невладиниот сектор е уште на релативно ниско ниво, или доколку постои таа е во силно ограничени рамки без добивање на посакуваната услуга

Во **Заклучокот**, кандидатката посочува дека правците на развојот на социјалната заштита упатуваат на потребата од креирање на современ социјален систем, кој преку реформи ќе функционира согласно препораките од ЕУ. Тоа делување ќе треба да ги прифати принципите на доброто управување и симбиоза на институциите и невладиниот сектор, односно координирано делување на повеќе општествено-политички чинители. Во однос на невладиниот сектор, Циглењак-Симоновска заклучува дека и покрај низата законски мерки што овозоможуваат негово активно вклучување во процесот на испорака на услуги на локални ниво, сѐ уште се соочува со потешкотии во целосното остварување.

На крај, кандидатката, дава детални **Препораки** до локалната власт, невладиниот сектор, како и централната власт со што комплетно го заокружува истражувањето од областа на студии на политики.

**3. Заклучни констатации и предлог**

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека магистерскиот труд **Децентрализација на социјалните услуги: симбиоза помеѓу владиниот и невладиниот сектор во служба на граѓаните**, поднесена од кандидатката Ана Марија Циглењак Симоновска, дава теоретски придонес во областа на студиите на политики.

Трудот е структуиран на јасен и прегледен начин и е поткрепен со релевантна библиографија. Со него, кандидатката докажува дека ги совладала научно-истражувачките и методолошки постапки во изработката на самостоен научен труд.

Нејзините препораки се насочени кон подобрување на социјалните услуги во локалната заедница преку напуштање на медијаторската улога на општините помеѓу централната власт и граѓанските организации.

Врз основа на увидот на трудот и врз основа на горе изнесениот заклучок, Комисијата позитивно го оценува магистерскиот труд на Ана Марија Циглењак Симоновска, под наслов **Децентрализација на социјалните услуги: симбиоза помеѓу владиниот и невладиниот сектор во служба на граѓаните.** Комисијата има чест да му предложи на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје да ѝ одобри јавна одбрана на кандидатката.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Скопје, 03.11.2021

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА И ОДБРАНА:**

1. **Д-р Калина Лечевска, вонреден професор, член на комисијата**

   ________________________

2. **Д-р Викторија Боровска, вонреден професор, член на комисијата**

   ________________________

3. **Д-р Ана Блажева, вонреден професор, член на комисијата**

   ________________________

Институт за општествени и хуманистички науки • Скопје

Institute of Social Sciences and Humanities, Skopje
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр 143/2021
24.11 20 21 год.
СКОПЈЕ

Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, на седницата, одржана на 03.11.2021 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд под наслов **Политичката култура во Македонија и нејзиното влијание врз стабилноста и демократијата,** поднесена од кандидатката Билјана Танеска, во состав: Доц. д-р Здравко Савески, Проф. д-р Катерина Колозова и Доц. д-р Искра Геразова Мујчин.

Комисијата се заблагодарува за укажаната доверба и откако го прегледа магистерскиот труд, на Научниот совет го поднесува следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

**1. Библиографска белешка за кандидатката**

Билјана Танеска е родена на 02.09.1979 година во Скопје. Во 2005 година, таа дипломира на отсекот политички науки на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први"–Скопје. Во својата биографија, Танеска има бројни граѓански и активистички ангажмани. Во моментов е вработена како проектен асистент во Фондот за население на Обединети Нации (УНФПА).

**2. Кус опис на трудот**

**2.1 Предмет** на трудот е политичката култура во Северна Македонија, каква политичка култура има во земјата, како и нејзиното влијание врз стабилноста и демократијата.

**2.2 Целта** на трудот е преку анализа на политичката култура и видовите на политичка култура да се посочат начини како да се промени непартиципативната политичка култура во Северна Македонија, како граѓаните да станат поактивни чинители и учесници во политичките процес, а со цел поголема стабилност и степен на партиципативна демократија, аргументирајќи како тоа е поврзано со напредокот и развојот на една држава.

**2.3 Структура на трудот**

Магистерскиот труд на Билјана Танеска, **Политичката култура во Македонија и нејзиното влијание врз стабилноста и демократијата** е напишан на 77 страници, од кои 75 се основен текст на тезата, а останатите се користена литература.

Магистерскиот труд е составен од следните поглавја:

**1. Вовед**

**2. Поимот култура**



Institute of Social Sciences and Humanities, Skopje
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

3. Поимот политика

4. Политичка култура

5. Поим на политичката култура

6. Типови на политичка култура

7. Граѓанска политичка култура – Алмонд и Верба

8. Политичка култура и демократија

9. Политичка социјализација и вредности

10. Општо за социјализацијата

11. Политичка социјализација

12. Граѓански активизам

13. Носители на политичката култура

14. Видови граѓанско учество

15. Граѓанско општество

16. Методологија на истражувањето

17. Методи

18. Истражувачки прашања

19. Квантитативна анализа

20. Квалитативна анализа

21. Заклучоци

22. Препораки

23. Работна библиографија

**Во воведот** кандидатката дава опис на важноста на терминот политичка култура и влијанието кое го има врз демократските процеси и стабилноста на државата. Зборува за потребата од „будење"на македонските граѓани и потребата од нивна поактивна улога и учество во донесувањето на одлуки кои ги засегаат сите, нивната улога како коректив на власта, но и за теориската рамка за развој на поимот граѓанска култура.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Кандидатката смета дека рамнотежата меѓу моќта, елитите од една страна и одговорноста на власта наспроти масата од друга, лежи во постоење на граѓанска активна култура. Исто така според неа недоволната или отсутна политичка партиципација, непрепознавањето на нејзината важност од страна на граѓаните го овозможуваат и засилуваат авторитарното делување на владејачките елити.

Во поглавјето **„Поим за култура"** Танеска дава теориски осврт за поимот култура и ги анализира различните дефиниции за култура во контекст на државата и политиката. Зборувајќи за културно-историските типови и важноста на културата и традицијата за различните видови на политичка култура, кандидатката дава вовед во следното поглавје за **„Поимот политика"** во кое се говори за термините **politics, policy и polity** како релативно нови термини кои се важни за политичката писменост и учеството на актерите и целните групи и нивната способност и подготвеност да се мобилизираат и да дејствуваат политички.

Во следното поглавје за **„Поимот политика култура"**, кандидатката пишува за делото на Сидни Верба и Габриел Алмонд, кои првпат го воведуваат терминот политичка култура во современата политичка мисла и типовите на политичка култура со нивните основни карактеристики кои ги дефинираат разликите и сличностите меѓу нив. На ова поглавје се надоврзува и посебното поглавје каде се објаснува **Граѓанска политичка култура на Алмонд и Верба** и „резервата на влијание", која претставува квалитет на граѓанската политичка култура кој делува како механизам за контрола на владејачките елити. Во делот **Политичката култура и демократијата,** таа посочува каква е демократијата во различни политички системи, кои се одликите на либерализмот, социјалдемократијата, конзервативизмот, но посочува и примери за развој на партиципативната демократија, споредувајќи ја истата со примери од минатото. Во поглавјето за **Политичка социјализација и вредности**, кандидатката зборува општо за социјализацијата и за социјализација преку која поединецот стекнува не само знаења, вештини, навики, добива, туку и учи општествено социјални однесувања за во делот на **Политичка социјализација** да даде осврт на тоа дека пресудни за постоење на политичката култура се политичката традиција и политичката социјализација. Понатаму во поглавјето за **Граѓански активизам** таа зборува за активното граѓанство како темел на демократијата и неопходноста од политичка писменост преку **Носителите на политичка култура** кои ја сочинуваат активни граѓани, кои ја обликуваат современата демократија со своето учество. Во делот **Видови граѓанско учество** ги обработува изборите, референдумот и граѓанските иницијативи, протестите и јавните собири. Во потемата **Граѓанско општество** зборува за заемното влијание меѓу демократијата и граѓанското општество во насока на промовирање на развојот на демократска политичка култура.

Во **Заклучокот**, кандидатката, покрај осврпот на анализираните поглавја, констатира дека сегашната непартиципативна политичка култура треба да доживее катарза и



Institute of Social Sciences and Humanities, Skopje
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

граѓаните да станат активни учесници во политичкиот процес, бидејќи демократијата како владеење на народот, во која било форма, е незамислива без вклучување на граѓаните.

**3. Заклучни констатации и предлог**

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека магистерскиот труд **Политичката култура во Македонија и нејзиното влијание врз стабилноста и демократијата,** поднесен од кандидатката Билјана Танеска дава теоретски придонес во областа на студиите на политики.

Трудот е структуриран на јасен и прегледен начин и е поткрепен со релевантна библиографија. Со него, кандидатката докажува дека ги совладала научно-истражувачките и методолошки постапки во изработката на самостоен научен труд. Нејзините препораки се насочени кон збогатување на литературата за политичката култура, а особено претставува важен придонес на темата на утврдувањето на доминантната политичка култура на граѓаните на Северна Македонија.

Врз основа на увидот на трудот и врз основа на горе изнесениот заклучок, Комисијата позитивно го оценува магистерскиот труд на Билјана Танеска под наслов **Политичката култура во Македонија и нејзиното влијание врз стабилноста и демократијата.** Комисијата има чест да му предложи на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје да му одобри јавна одбрана на кандидатката.

Скопје, 23.11.2021

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА И ОДБРАНА:**

1. **Д-р Катерина Колозова, редовен професор, член на комисијата**

___________________________

2. **Д-р Здравко Савески, доцент, член на комисијата**

___________________________

3. **Д-р Искра Геразова Мујчин, доцент, член на комисијата**

___________________________

Институт за општествени и хуманистички науки · Скопје



Institute of Social Sciences and Humanities, Skopje
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 137/2021
17.11 2021 год.
СКОПЈЕ

Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, на седницата, одржана на 03.11.2021 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд под наслов **Родова сегрегација во перформативните уметности Уметнички труд и родов идентитет: Северна Македонија,** поднесена од кандидатката Гала Насева, во состав: Проф. д-р Катерина Колозова, проф.д-р Викторија Боровска и проф.д-р Ана Блажева.

Комисијата се заблагодарува за укажаната доверба и откако го прегледа магистерскиот труд, на Научниот совет го поднесува следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Библиографска белешка за кандидатката

Гала Насева е родена во 1992 година во Скопје. Дипломира на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во 2014 година. Магистрира на отсекот Право на интелектуална сопственост со двојна диплома од Универзитетот Св. Кирил и Методиј и Универзитетот во Стразбур во 2017 година, со почести. Во 2020 година, заедно со Рушка Бабиќ ја основа мултијазичната асоцијација на млади истражувачи и репортери од Балканот „Платформ". Работи како надворешен соработник за авторско правна заштита на визуелни уметности во Музејот на современа уметност во Скопје, и е надворешен соработник за аудио продукција/театарска композиција на неколку претстави во Народниот театар „Трајко Прокопиев

### 2. Кус опис на трудот

**2.1 Предмет** на трудот е истражување на родовата сегрегација во перформативните уметности, фокусирајќи се на неколку видови културна продукција како што се применетата музикологија, композиција и применет театар.

**2.2 Целта** на трудот е да се согледаат општоприфатените ставови кон жените во театарот, танцот и музичката продукција, како и да се презентираат сумирани и истражени квантитативни анализи на луѓето кои работат во сферата на изведувачките уметности во Северна Македонија, вклучително и поединци од малцинствата кои живеат во државата.

**2.3 Структура на трудот**

Магистерскиот труд на Гала Насева, **Родова сегрегација во перформативните уметности Уметнички труд и родов идентитет: Северна Македонија,** е напишан на 93 страници, од кои 80 се основен текст на тезата, а останатите се користена литература.

Institute of Social Sciences and Humanities, Skopje
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Магистерскиот труд е составен од следните поглавја:

- Вовед
- Женска исклучност: Историска генеза
- Жени во музиката: Западно-Европска антологија
- Балкан: музичка историја
- Креативен труд и институционализација
- Методологија
- Ограничувања и идни истражувања
- Заклучок

Во **Воведот,** Насева ја образложува примарната идеја што напредува низ магистерската теза за социо-економската динамика и суптилностите кои директно или индиректно наметнуваат различни нивоа на родова сегрегација во неколку категории изведувачки уметности, пред сè фокусирајќи се на состојбите во неколку градови низ Северна Македонија. Големото присуство на нееднакви можности и третман кон жените на пазарот на трудот и постојаниот напредок на неплатен труд во земјата непрестајно влијае на нивоата на родова сегрегација, одредувајќи ја економската и социјалната состојба на жените и другите маргинализирани идентитети, како што се трансродовите и небинарни индивидуи.

Во поглавјето **Женска исклучност: Историска генеза,** кандидатката прави историски осврт на изведувачките уметности како производ на промени и модификација низ вековите. Започнувајќи од античка Грција, каде имало забрана за учество на жените во изведувачките уметности па сè до прераспределбата на моќта во 20 век со Ден на жената и со феминистичките протести конципирано како изведби како ФЕМЕН и Пуси Рајот.

Во поглавјето **Жени во музиката: Западноевропска антологија**, Насева заклучува дека со фокусирање на европската практика на женско исклучување и самоцензура во музиката во изминатите векови, полесно е да се препознае трајната практика на сегрегација што се случува денес. Обликот и формата може да изгледаат иманентно различни од оние во минатото; сепак, коренот на проблемот сè уште може да се најде во хетеро-патријархалните општествени структури широко распространети на глобално ниво, наметнувајќи општествени норми кои генерираат родова сегрегација во секојдневниот дискурс меѓу музичарите. Насева заклучува дека во текот на 20 век, бројот на жените во музиката почна да расте, а со тоа дојде до проширување на меѓусебната соработка, колективни настапи и почесто вклучување на жените во музиката на професионален план, особено во Западна Европа.

Во поглавјето **Балкан: музичка историја**, кандидатката го анализира композицискиот стил на Западен Балкан. Како што таа заклучува, поделбите на различните културни контексти придружени со долгите периоди на транзиција по

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

југословенската ера, бројните раскинувања и сериозното одвојување меѓу соседните територии стоеја на патот кон сосема новата сцена на изведувачките уметности. Жените беа некако постојано заробени во нѐсакана и неоправдана подредена социјална улога која премина од општиот секојдневен дискурс во недостатокот на прогресивна мисла во сферата на изведувачките уметности.

Во поглавјето **Креативен труд и институционализација**, Насева го анализира методот на дефинирање и мерење на креативниот труд на уметникот како предизвикувачка задача, бидејќи временската рамка на креативното производство е тешко одржлива. Воедно, зголемената моќ на различните облици на труд лесно може да се препознае со општото проширување и кумулативното самодоволно колективно производство кое е директно поврзано или со физичкото присуство на соработниците или соработниците, или со проширувањето на дигитализацијата на трудот особено во текот на 2020 година, од почетокот на глобалната пандемија предизвикана од КОВИД-19.

Во **Методологијата**, кандидатката го образложува нејзиниот мешан пристап од квантитативно и квалитативно собирање податоци за женскиот уметнички труд во земјите од Западен Балкан со акцент на Северна Македонија. Првиот дел ѝ се базира на квантитативно истражување преку електронска анкета на над 270 испитаници. Вториот дел од методологијата се заснова на полуструктурирани интервјуа спроведени во период од 30 дена со поединци од Северна Македонија кои работат во различни сфери на изведувачките уметности.

Во поглавјето **Ограничувања и идни истражувања**, Насева инспирирана од квалитативното истражување го идентификува распространетото прикажување на родова сегрегација во одредени области. Таа заклучува дека за да се добие конкретна анализа на проблемите со кои се соочуваат жените во текот на нивните трансформативни години како уметници, мора да се ревидира образованието и достапноста на релевантни академски и неакадемски едукативни материјали, кои се фокусираат на жените во областа на изведувачките уметност.

Во **Заклучокот**, Насева по извршената анализа на актуелниот развој на македонската сцена на современите изведувачки уметности, квантитативните и квалитативните наоди откриваат дека однесувањето кон жените и другите маргинализирани родови идентитети сѐ уште се обликува низ призмата на традиционализмот, угнетувањето и преку оптоварување на жените со застарени општествени улоги. Таа смета дека во иднина културните институции можат да се преобликуваат и да станат потранспарентни кога внатрешно разговараат и реагираат на вклучувањето на жените во раководните улоги, и на сцена и надвор од сцената.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

### 3. Заклучни констатации и предлог

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека магистерскиот труд **Родова сегрегација во перформативните уметности Уметнички труд и родов идентитет: Северна Македонија,** поднесена од кандидатката Гала Насева дава иновативен научен и теориски придонес во областа на студиите на политики, со посебен акцент на родовата димензија. Тезата е аргументациски издржана, а кандидатката покажува академска зрелост во самата изведба на трудот. Нејзината упатеност во најновите теориско-филозофски трендови од областа што е предмет на истражување дава значајно ниво на длабочина на анализата.

Трудот е структуриран на јасен и прегледен начин и е поткрепен со релевантна библиографија. Со него, кандидатката докажува дека ги совладала научно-истражувачките и методолошки постапки во изработката на самостоен научен труд.

Врз основа на увидот на трудот и врз основа на горе изнесениот заклучок, Комисијата позитивно го оценува магистерскиот труд на Гала Насева под наслов **Родова сегрегација во перформативните уметности Уметнички труд и родов идентитет: Северна Македонија.** Комисијата има чест да му предложи на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје да ѝ одобри јавна одбрана на кандидатката.

Скопје, 3.11.2021

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА И ОДБРАНА:**

1. **Д-р Викторија Боровска, вонреден професор, член на комисијата**

   B. Бор[signature]

2. **Д-р Ана Блажева, вонреден професор, член на комисијата**

   [signature]

3. **Д-р Катерина Колозова, редовен професор, член на комисијата**

   [signature]

Институт за општествени и хуманистички науки * СКОПЈЕ

Institute of Social Sciences and Humanities, Skopje
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk